**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
*ул. 1 бб, 1043 Петровец*
*тел:02/2562 239, 2562 240, факс: 2563 100*
*Трезорска сметка - 100-000000063095*
*Сметка на буџетски корисник - 753014109263013*

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 04-1130/22
30.05 2025 год.

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24), градоначалникот на општина Петровец ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат за вработување по пат на јавен оглас

1. По јавниот оглас број 171/2025 за вработување на административен службеник во општина Петровец објавен во дневните весници, „Вечер", „Слободен печат" и „Коха" како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација и врз основа на Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас на работното место Раководител на одделение за финансиски прашања, Сектор за финансиски прашања - 1 извршител се избира

   - Марија Милоевиќ Тинтоски

2. Именуваниот/ата ќе биде вработен/а на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

*ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

На ден 17.04.2025 во дневните весници „Вечер", „Слободен печат" и „Коха" како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас за вработување на административен службеник во општина Петровец за работното место Раководител на одделение за финансиски прашања, Сектор за финансиски прашања - 1 извршител.

По однос на огласот формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со Решение бр. 10-690/7 од 24.04.2025, донесено од страна на Директорот на Агенција за администрација.

Комисијата спроведе административна селекција за административниот службеник и состави записник под број 10-690/8 од 05.05.2025 и спроведе испит за административен службеник и состави Записник заведен под број 10-690/10 од 23.05.2025 година.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
*ул. 1 бб, 1043 Петровец*
*тел:02/2562 239, 2562 240, факс: 2563 100*
*Трезорска сметка - 100-000000063095*
*Сметка на буџетски корисник - 753014109263013*

На ден 28.05.2025 година Комисијата спроведе проверка на веродостојната на доказите и интервју за административен службеник и за истотот состави Записник заведен под број 10-690/11 од 28.05.2025 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата до Градоначалникот на општина Петровец доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати со бр.10-690/12 од 28.05.2025.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/24) Секретарот односно раководното лице во институцијата во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од член 44 ставови 1, 3 и 4 од овој закон е должен да донесе одлука за избор.

Поради погоре наведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
Градоначалник

Борче Митевски